Бр 08-3102/1
30.10


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

www.krivapalanka.gov.mk


## И З В Е С Т У В А Њ Е

Почитувани граѓани,

Ве известуваме дека од 02.11.2020година ќе започне со реализација проектот „**Регулација на минор корито на Крива Река –дел 1**" на потегот од т.н. „Шанин Мост" до пешачкиот мост према Бегови Бавчи во должина од 926 м. Работите ги изведува фирмата ДПИУТ Конструктор ДОО -Скопје и Сандра инжинеринг ДООЕЛ –Скопје. Овој проект се реализира со финанскиски средства за под-заем добиени преку проектната единица на министерство за финансии и светска банка, а целта на реализирање на овој проект е подобрување на квалитетот на живот на месното население во општина Крива Паланка.

Притоа Ве известуваме дека:

Работите ќе се извршуваат во рамките на речното корито на посочениот дел при што е можно повремено да бидат затворени дел од пристапите кон речното корито, поготово на делот кај Зелениот пазар каде понекогаш се врши дотур на стока преку импровизирани патеки во самото корито, како и нестандардно паркирање на возила, особено во пазарен ден (сабота). Поради тоа, дотурот на стока на пазарот треба да се извршува преку стандардниот влез на пазарот, а паркирањето на возила на други локации во близина на пазарот. Исто така, можно е повремено да биде ограничен пешачкиот сообраќај преку постоечките пешачки мостови на минор коритото.

Ве молиме за разбирање и соодветно прилагодување од Ваша страна за потребите на брзо и навремено спроведување на градежните работи.

Исто така Ве известуваме дека на влезот на општина Крива Паланка е поставено сандаче за пофалби, поплаки и предлози во врска со реализацијата на проектот.

За дополнителни информации/прашања, Ве молиме да се обратите кај Никола Граматиков дги. -Менаџер на проектот Тел:075-250-374, од Општина Крива Паланка.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник
Борјанчо Мицевски